# MOTIVATION IN EDUCATION AS A FACTOR FOR ACHIEVING BETTER RESULTS IN STUDENT LEARNING

**Gordana Cvetkovska**
Bureau for Development of Education - Skopje, Republic of North Macedonia,
gordanacvetkovska@bro.gov.mk
**Blaga Paneva**
Bureau for Development of Education - Skopje, Republic of North Macedonia, blagapaneva@bro.gov.mk

**Abstract:** Lack of motivation among students is evident in the context of lack of discipline in schools, and thus their superficial approach to learning, spontaneity in completing school assignments, "relying on personal connections," and awareness of the parents` influence on teachers. Apparently, this lack of desire to attend school, the negative attitude towards school, and poor student performance during schooling, along with the weak results on external state graduation exams, lead to the conclusion that this phenomenon, if not addressed, may well result in the discontinuation of the student's education. The insufficient motivation of students to learn contents, particularly in their native - Macedonian language, should be considered more thoroughly, in terms of: whether the teachers` approach and teaching materials are overcomplicated and discourage students from learning the subject; whether some of the rules are inapplicable, particularly regarding accentual structures that are specific to the Macedonian language; whether the literary texts used to teach specific language rules are appropriate for the certain age of students and fit the times of the new generations growing, and whether the teaching staff is adequately trained to implement the curriculum goals in the field of language. Acquisition of the country's language is fundamental for expressing properly and applying this in all subjects and lessons. Within the educational process, it is of utmost importance to organize the teaching process in a way that motivates and encourages students to achieve the desired learning outcomes.
Motivation in the educational process is a valuable factor for student achievements in lessons and learning, as well as in the work of the teaching staff, i.e., how they approach students and motivate them to develop a desire to read, write and express themselves accurately, both orally and in writing.
**Keywords:** motivation, influence and effectiveness.

# МОТИВАЦИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ФАКТОР ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ ВО УЧЕЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

**Гордана Цветковска**
Биро за развој на образованието - Скопје, Република Северна Македонија,
gordanacvetkovska@bro.gov.mk
**Блага Панева**
Биро за развој на образованието - Скопје, Република Северна Македонија, blagapaneva@bro.gov.mk

**Резиме:** Недостатокот од мотивација кај учениците е видлив во контекст на недостатокот од дисциплина во училиштата, а со тоа и на нивниот површен пристап кон учењето, стихијноста во извршувањето на училишните задачи, „потпирањето на врските“ и свесноста за влијанието на родителите врз наставниците. Секако, тоа немање желба за одење во училиште, негативниот став кон него, слабиот успех во текот на школувањето и слабите резултати од полагањето на екстерните испити на државната матура водат кон тоа дека оваа појава како закана може да доведе и до прекин на образованието на ученикот. Недоволната мотивација на учениците за учење содржини, пред сѐ, од својот мајчин – македонски јазик, треба да се разгледа поопсежно: дали пристапот на наставниците и учебните помагала е пресложен и ги одбива учениците од материјата; дали некои од правилата се неприменливи, посебно во поглед на акцентските целости како специфика на македонскиот јазик; дали литературните текстови врз кои се учат конкретни јазични правила се соодветни за дадена возраст и соодветни за времето во кое растат овие нови генерации и дали образовниот кадар е соодветно обучен за да може да ги реализира програмските цели од областа на јазикот. Усвојувањето на јазикот на државата е основа за правилно изразување и применливост на сите наставни часови и во сите наставни предмети. Во воспитно-образовниот процес особено е важно наставата да се организира поттикнувачки и мотивирачки за учениците со цел да се остварат резултатите од учење.

Мотивацијата во образованиот процес е важен фактор за постигањата на учениците во наставата и во учењето, но и во работата на наставниот кадар, т.е. како тие ќе им пристапат на учениците, ќе ги мотивираат за да имаат желба да читаат, да пишуваат, правилно усно и писмено да се изразуваат.
**Клучни зборови:** мотивација, влијание и ефикасност.

## 1. ВОВЕД

Романската народна приказна „Човекот учи додека е жив“, цитирам: „Одамна, многу одамна, си живеел еден старец. Сите го познавале и го почитувале, зашто тој старец бил многу мудар. Но, честопати велел: – Човек треба да учи додека е жив! Една зимска ноќ старецот си седел покрај огништето. Ненадејно некој затропал на вратата. – Влези! – рекол старецот. Вратата се отворила и се појавило едно девојче. – Дедо – му реклод евојчето – дома ни изгасна огнот. Дај ни неколку жарчиња да го потпалиме пак. Добро, девојченце, ќе ви дадам. Но, како ќе го пренесеш жарот додома? Имаш ли некаков сад? – Немам. – Тогаш, како ќе го однесеш додома? – Ќе го однесам во рацете! – Ќе се изгориш! – Нема да се изгорам, ќе видиш... Девојчето се наведнало, си ставило од ладната пепел врз дланката, а врз неа – две поголеми жарчиња. Му се заблагодарило на старецот и – си заминало. А старецот останал да се чуди и си рекол: – Колку тоа било едноставно, а јас никогаш немаше да се сетам. Значи и од детето, човек може да научи нешто. Навистина, човекот учи додека е жив! (Заборска, Л., Фида, С., Спасовска, К., 2010)“ оваа приказна упатува на тоа дека постојано учиме и учиме од секого, притоа не треба да учиме поради некого туку заради себе. Стремежите за знаење треба да бидат насочени кон себе и за себе, со цел да добиеме трајни и применливи знаења и тоа што ќе го научиме да знаеме да го примениме на правилен и на соодветен начин. Учењето не треба да претставува тешкотија, ниту товар или пак одбивност и да не се учи напамет и со краткотраен ефект. За да се постигнат долготрајни знаења големо влијание има нашата мотивација, или подобро кажано: *колку сум мотивиран, толку подобро и побрзо ќе ја завршам работата*. Ако сме мотивирани за нешто, ние се стремиме сè повеќе за да го постигнеме или оствариме она кон што целиме.
Врз мотивацијата за учење многу фактори имаат влијание. Потребата да учиме е за проширување на знаењето, постигнување позитивни резултати, прифаќање од страна на другите, зачувување на позитивната слика за себе, поради амбициозност, љубопитност, независност, континуиран развој, исполнетост од професијата/занимањето, користење на сопствените способности и (по)некогаш за намалување на напнатоста. Од претходнонапишаното согледуваме дека постои заемен однос или поврзаност меѓу мотивацијата и учењето, т.е. мотивацијата влијае на тоа колку учиме и какво постигнување имаме. Исто така, успехот односно неуспехот делува повратно на степенот на мотивацијата на учениците за учење.
Едно од основните прашања кое треба да биде опфатено во понатамошните образовни реформи е како да се зголеми мотивацијата на учениците за учење. Недостатокот од мотивација кај учениците е видлив во контекст на дисциплината во училиштата, површниот пристап кон учењето, стихијноста во извршувањето на училишните задачи, „потпирање на врските“ и свесноста за влијанието на родителите врз наставниците. Секако, немањето желба за одење во училиште, негативниот став кон него, слабиот успех во текот на школувањето и слабите резултати од полагањето на екстерните испити на државната матура, водат кон тоа дека оваа појава како закана може да доведе и до прекинување на образованието на ученикот. Затоа, училиштето, за да ги оствари своите основни воспитно-образовни цели, треба да посвети целосно внимание на однесувањето на учениците во текот на наставниот процес и, секако, на нивната мотивација.

## 2. МОТИВАЦИЈАТА ЗА УЧЕЊЕ

„Недоволната мотивација на учениците за учење содржини, пред сè, од својот мајчин – македонски јазик, секако и од другите јазици на кои се одвива наставата во РС Македонија, треба да се разгледа поопсежно: дали пристапот на наставниците и учебните помагала е пресложен и ги одбива учениците од материјата; дали некои од правилата се неприменливи, посебно во поглед на акцентските целости како специфика на македонскиот јазик; дали литературните текстови врз кои се учат конкретни јазични правила се соодветни за дадена возраст и соодветни за времето во кое растат овие нови генерации и дали образовниот кадар е соодветно обучен за да може да ги реализира програмските цели од областа на јазикот. **Усвојувањето на јазикот на државата е основа за правилно изразување и применливост на сите наставни часови и во сите наставни предмети** (Панева, 2024).“ (Подвлеченото е наше.) Во таа насока, Даниела Стојановска пишува, цитирам: „Мотивацијата за учење не е индивидуална карактеристика со која ученикот доаѓа на училиште или пак, карактеристика која ученикот ја поседува или не. Напротив, мотивацијата ја гради и развива наставникот со своето однесување на наставниот час, со кое дава свое обележје на процесот на реализација на наставната материја. Таа им дава цел и насока на амбициите и потребите, односно го дефинира севкупното однесување на ученикот (Стојановска, 2020).“

**Мотивацијата во образованиот процес е важен фактор за постигањата на учениците во наставата и во учењето, како и во работата на наставниот кадар, т.е. начинот на кој наставниците ќе им пристапат на учениците, ќе ги мотивираат да имаат желба да читаат, да пишуваат, правилно усно и писмено да се изразуваат.**

**Наставникот-клучен фактор за мотивиран ученик**

Наставникот е важен фактор за мотивацијата на учениците. Ако тој планира креативни, истражувачки и поттикнувачки активности, часот ќе биде динамичен и предизвикувачки за активно вклучување на учениците. Успешниот наставник умее да ја организира работата и соработката меѓу учениците, работната атмосфера и времето потребно за активностите кои треба да се реализираат, умее да ги охрабрува учениците за користење на предзнаењата и ја поттикнува нивната иновативност за остварување на поставените цели. Сето ова може да ја зголеми мотивацијата на учениците за стекнување нови знаења, вештини и способности од конкретната тема, односно да ги мотивира за да имаат желба прочитаното, правилно да го напишат или да го прераскажат. Ова е предуслов за постигнување на позитивни резултати и остварување на целите во образованието на учениците, зголемувајќи го интересот за стекнување на нови знаења, вештини и способности од конкретната тема, градејќи иден лидер-експерт во одредена област. Сето ова влијае и врз повисокото рангирање на училишето на меѓународните тестирања, како и за развивање на позитивен став и растеж на угледот на училиштето. Ангажираноста на наставниците ги поттикнува и насочува учениците да се посветат целосно на учењето, а „нагледните средства и наставните помагала служат да ја зголемат активноста и мотивацијата на учениците, да им го задржат фокусот на наставата и да придонесуваат за развој на функционалните способности кај учениците (Биро за развој на образованието, 2021)."

**Мотивирани ученици-добри резултати**

Степенот на усвоените знаења, нивната применливост и функционалност најјасно е отсликан во разните извештаи од домашните и меѓународните тестирања кои се спроведуваат од областа на македонскиот јазик и природните науки. Дали недостаток од мотивација кај учениците влијае врз нивните резултати?

**Целта во овој труд ни е да прикажеме како недоволната мотивација влијае врз резултатите од учењето и постигнатите (слаби) резултати од полагањето на екстерните испити по наставните предмети Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература на државната матура** од три испитни години.

Податоците се обработени од Извештаите за резултатите од екстерните испити на државната матура за испитните години 2022, 2023 и 2024 година, преземени од Државниот испитен центар.

Во приказот на изработените податоци видлива е недоволната мотивација на учениците за учење содржини од својот мајчин јазик и во решеноста на целиот тест.

***Табела 1: Истражување на авторите***

| Табела 1. Просечни постигања на учениците од екстерните испити на државната матура по подрачја и наставен предмет по учебна година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Испитна година | Наставен предмет | Читање со разбирање | Книжевна анализа | Јазик | Пишување | Цел тест |
| 2022 | Македонски јазик и литература | 77,09 | 82,14 | 83,51 | 53,68 | 76,74 |
| 2023 | | 73,26 | 78,08 | 88,69 | 50,46 | 74,79 |
| 2024 | | 61,26 | 61,51 | 69,41 | 46,14 | 60,99 |
| | | | | | | |
| Испитна година | Наставен предмет | Читање со разбирање | Книжевна анализа | Јазик | Пишување | Цел тест |
| 2022 | Албански јазик и литература | 82,03 | 66,96 | 75,46 | 45,79 | 69,14 |
| 2023 | | 73,71 | 61,86 | 80,98 | 42,40 | 67,18 |
| 2024 | | 70,44 | 62,67 | 79,90 | 38,50 | 65,20 |
| | | | | | | |
| Испитна година | Наставен предмет | Читање со разбирање | Книжевна анализа | Јазик | Пишување | Цел тест |
| 2022 | Турски јазик и литература | 57,26 | 72,21 | 84,04 | 55,55 | 73,29 |
| 2023 | | 67,55 | 55,67 | 71,86 | 21,45 | 57,27 |
| 2024 | | 56,09 | 70,88 | 59,79 | 35,96 | 57,99 |

Извор: Државен испитен центар

Постојат повеќе фактори коишто влијаат врз прикажаните резултати, како и врз одговорниот пристап во решавањето на тестот од учениците (тука мислиме, пред сè на несериозните одговори и на неодговорените прашања).
Од резултатите согледавме неколку фактори коишто влијаат врз нивната мотивација:

- индивидуалната мотивација,
- сериозноста во пристапот,
- карактеристиката на тестот и
- добиениот резултат од решавањето на тестот.

Забележуваме дека од година во година процентот опаѓа кај секој наставен предмет, секое подрачје и во решеноста на целиот тест. (За ова, компаративно по наставни јазици, подетално би пишувале во некоја друга прилика!) Исто така, забележуваме дека најнизок процент во сите наставни предмети има во подрачјето **пишување.**
Во врска со ова си ги поставуваме прашањата за причините поради коишто дошло до овие резултати:

- Дали пристапот на наставниците е пресложен и ги одбива учениците од наставните содржини?
- Дали некои од јазичните правила дадени во наставните програми се неприменливи?
- Дали литературните текстови врз кои се учат конкретни јазични правила се соодветни за возраста на учениците?

Образовните институции настојуваат не само да го подобрат квалитетот на наставата туку и да создадат кадар којшто ќе биде конкурентен на пазарот за труд. Во воспитно-образовниот процес особено е важно да се организира настава која е поттикнувачка и мотивирачка за учениците со цел да се остварат резултатите од учење и стандардите за оценување од наставните програми, односно процесот на учење да е интерактивен. Училиштата не можат да функционираат и да се стремат кон успех без соодветна организација на наставата, развивање подобра соработка на релацијата наставник-ученик-родител и обратно, доверба и функционалност во образовниот систем, развивање идеи, конкретни цели и различни активности. „Многу важен аспект е зголемената видливост на работата на образовната институција, што се рефлектира во интересот на родителите и идните ученици да се запишат во училиште во кое воспитно-образовниот процес се одвива во соработка со иновативни и интерактивни методолошки модели. Со иновативни форми на работа во наставата, училишната институција станува простор во кој се негуваат и поттикнуваат ученички таленти, се зајакнува самодовербата, се зајакнува иницијативата на поединец или група со цел подобра интеграција на учениците (Марковиќ, Г., Атанасова, Н., Спасојевиќ, Д., 2020).“
Во XXI век условите за работа се многу комплексни, променливи, непредвидливи и има голема конкурентност од различни аспекти. Токму поради тие причини училиштата треба да ги разберат потребите и на вработените и на учениците, да ги мотивираат и да создадат чувство на припадност, т.е. вработените и учениците да го почувствуваат училиштето како место на кое му припаѓаат, во кое примаат и даваат/споделуваат вредности. „Наставниците мора да настојуваат да воведат динамика на часот и со различни методи на работа да ги презентираат истите содржини (Grušovnik, 2022).“
Затоа и е клучно прашањето: **Како да се зголеми мотивацијата кај учениците и нивната активност во училиштето?**
На ова прашање можеме да побараме некои одговори и во книгата на Рон Кларк „Суштински 55“ Правила на наградуваниот едукатор за откривање на успешниот ученик во секое дете (*The Essential 55An Award-Winning Educator's Rules for Discovering the Successful Student in Every Child* ).

## 3. ПРИЧИНИ КОИ ДЕЛУВААТ ВРЗ МОТИВАЦИЈАТА

Нашите согледувања, ставови, забелешки и размислувања упатуваат на причините кои влијаат врз мотивацијата на учениците за учење. Покрај многубројните обуки за професионален развој кои ги поминаа наставниците, би издвоиле дел од причините кои упатуваат на нивната работа и нивното директно влијание врз мотивацијата на учениците.

Во врска со претходнонапишаното согледано е дека наставниците:

- не им даваат јасни насоки како успешно да учат,
- не им поставуваат јасни и конкретни прашања за зададениот проблем/задача,
- не бараат решавање проблеми/задачи со одмерена тежина,
- не ја поттикнуваат љубопитноста за барање повеќе решенија за еден проблем/задача,
- не ги прилагодуваат содржините и активностите според нивните интереси,
- не воведуваат новини во реализацијата на наставните часови,
- не нудат можности за избор на активности на часовите,
- не ги потикнуваат при работата на часот,

- не ги нагласуваат нивните позитивни страни,
- не ги поттикнуваат да пишуваат заеднички истражувачки трудови,
- не создаваат услови за пишување заеднички креативни текстови,
- не ги активираат креативно да го применуваат наученото,
- не им даваат јасни повратни информации,
- не нудат можност за доаѓање до различни решенија при решавањето на одреден проблем/задача,
- не ги слушаат внимателно и посветено,
- не ги наградуваат соодветно за вложениот труд и за постигнатиот резултат,
- субјективно ги оценуваат,
- упатуваат критика, наместо пофалба и охрабрување при реализирање на разни активности,
- не избегнуваат да прават споредби меѓу нив,
- не ги прифаќаат такви какви што се, т.е. не се обидуваат да ги согледаат нивните постапки и однесувањето (причините поради кои дошло до тоа),
- немаат доверба во нив,
- не прават сопствена анализа за пристапот кон поучувањето и начинот на мотивирање и сл.

## 4. НАЧИНИ ЗА ПОДОБРО ДЕЛУВАЊЕ ВРЗ МОТИВАЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во однос на причините кои делуваат врз мотивацијата, треба да се обидеме да најдеме начини за нивно подобрување. Работата која бара напор, но во исто време предизвикува и желба за постигнување успех, одговорност, напредок, развој, задоволство и добивање заслужена награда, прави учениците да бидат мотивирани и ефикасно да работат.

Учениците кои се мотивирани најчесто се енергични, сигурни се во себе, отворени за предизвици и ги извршуваат очекуваните активности. За да имаме вака мотивирани ученици, потребно е да ја следиме нивната работа и нивното однесување, целосно да го насочиме кон целта, без притоа да ги занемаруваме нивните интереси и креативност. Учениците „ќе имаат значително повисок степен на самодоверба, самоконтрола, мотивација да учат нови работи, да го применуваат наученото, бидејќи учењето ќе им остане игра и по детството, во понатамошното школување (Mirčić, 2023).“

Ако правилно ги мотивираме учениците резултатите нема да изостанат. За да се постигне тоа постојат разни начини за подобро дејствување врз мотивацијата на учениците за учење. Листата е долга, но би ги издвоиле следниве активности кои треба да ги прави наставникот:

- да дава јасни повратни информации,
- да дава конкретни насоки за успешно учење,
- да поставува јасни и конкретни прашања за зададениот проблем,
- да воведува новини во реализацијата на наставните часови,
- да избира разни активности на часовите,
- да развива љубопитност при барањето решенија за одредена задача,
- да ги потикнува да пишуваат на одредена тема (во пар или во група),
- да ги потикнува да го применуваат наученото на креативен начин,
- да поттикнува независност при решавањето конкретно барање,
- да ги прилагодува содржините и активностите според нивните интереси,
- да ги охрабрува при реализација на одредени активности,
- да дава задачи со одмерена тежина,
- да ги насочува кон внимателно слушање,
- да поттикнува континуирана работа на часот,
- да избегнува субјективност во оценувањето,
- да го анализира пристапот кон поучувањето преку мотивација,
- да ја истакнува довербата во нив,
- да го наградува вложениот труд и добрите резултати,
- да ги потенцира нивните позитивни страни,
- да ги прифаќа без предрасуди и
- да избегнува помеѓу нив да прави непотребни споредби од различни аспекти.

Преку презентирање на постигнатите резултати и детектирање на основните проблеми во подрачјата *Читање со разбирање, Книжевна анализа, Јазик* и *Пишување* од екстерните испити по наставните предмети **Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература**, треба сите

ние што сме вклучени во образовниот процес да им помогнеме на учениците побрзо и поедноставно да пристапуваат кон презентирање на усвоените знаења, особено во пишан текст.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Наместо заклучок само би напишале Carpe Diem! И, бидете најдобрата личност само така ќе им покажете на другите дека вашиот пример ќе ги мотивира.

**ЛИТЕРАТУРА**

Grušovnik, J. K. (2022). MOTIVACIJA UČENIKA. 226-231. Преземено март 5, 2025 од https://hrcak.srce.hr/broj/20789

Mirčić, I. (2023, Decembar 6). *Motivacija u nastavi*. Повратено од https://rs.maarifschools.org/: https://rs.maarifschools.org/blogs/motivacija-u-nastavi

Аврамоска, Т., Андонова-Митревска, Т., Ламева, Б. (2022). *Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура 2021/2022 година.* Скопје: Државен испитен центар. Преземено Февруари 17, 2025 од https://dic.edu.mk/wp-content/uploads/2022/12/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88%D0%94%D0%9C2022-%D0%BB%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-1.pdf

Биро за развој на образованието. (2021, март 3). *Концепција за основно образование.* Повратено од https://www.bro.gov.mk/: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/Koncepcija-MK.pdf

Заборска, Л., Фида, С., Спасовска, К. (2010). *Македонски јазик за петто одделение во деветгодишното основно образование за учениците од другите заедници.* Скопје: Графички центар.

Ламева, Б., Андонова Митревска, Т., Аврамоска Давидова, Т,. Демири, Н. (2024). *Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура 2023/2024 година.* Скопје: Државен испитен центар. Преземено Февруари 21, 2025 од https://dic.edu.mk/wp-content/uploads/2016/12/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88%D0%94%D0%9C2024-SREDEN_333_%D0%9B%D0%95%D0%9A%D0%A2%D0%9E%D0%A0%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%9D_%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%87%D0%B5%D0%BD-1.pdf

Ламева, Б., Андонова-Митревска, Т., Аврамоска, Т., Демири, Н. (2023). *Извештај за резултатите од екстерните испити на државната матура 2022/2023 година.* Скопје: Државен испитен центар. Преземено Февруари 20, 2025 од https://dic.edu.mk/wp-content/uploads/2016/12/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88%D0%94%D0%9C2023-lektoriran.pdf

Марковиќ, Г., Атанасова, Н., Спасојевиќ, Д. (2020). Мотивацијата и соработката со учениците како олеснувачки фактори при креирањето едукативни медиумски содржини. *Social changes in the global world*, 119-126. Преземено февруари 24, 2025 од https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/article/view/3994/3581

Панева, Б. (2024). *Колоквијалниот изговор во Скопје и влијанието на артикулацијата на гласовите врз нарушувањето на правоговорната и правописната норма.* Скопје: Супрема.

Стојановска, Д. (2020). Неколку стратегии за мотивирање на учениците за учење математика. *Математички омнибус, Трудови за наставата по математика од четвртиот семинар „Математика и примени“, Книга 8*, 21-28. Преземено Февруари 17, 2025 од https://im-pmf.weebly.com/uploads/5/8/9/8/58988609/2_daniela_stojanovska-2020.pdf